**Соопштение од мисијата на Меѓународниот монетарен фонд**

Мисијата на ММФ предводена од г-динот Марк Грифитс престојуваше во Скопје од 11. до 24. јули 2007 година, со цел да ги започне разговорите за Третиот Преглед на  Стенд-Бај аранжманот (СБА).  Програмата има двогодишни прегледи, од кои што последниот беше успешно завршен на 27.април 2007 година.

Напредок е постигнат во многу области во насока на завршување на прегледот.  Главните макроекономски таргети од програмата утврдени за крајот на јуни 2007 година беа остварени. Фискалната позиција останува силна, меѓународните резерви се зголемија и покрај отплатата на долгот кон меѓународните доверители, во износ од речиси 300 милиони американски долари, и тоа што каматните стапки на Народна банка се ниски. Владините политики за либерализирање на клучните производни пазари, вклучувајќи го и телекомуникацискиот пазар, почнуваат да покажуваат резултати.  Со оглед дека и официјалните како и индиректните индикатори покажуваат засилена економска активност, реалниот растеж на БДП за 2007 година веројатно значајно ќе ги надмине програмските проекции од 4½ проценти.

Овогодишниот ребаланс на буџетот го задржува таргетот на фискалниот дефицит на ниво од 1 процент од БДП, што би требало да ја заштити макроекономската стабилност.  Приходите се очекува да бидат надминати за 1½ процент од БДП во однос на првичниот буџет, што овозможува трошењата на владата, особено за инвестиции, да бидат соодветно зголемени.

Структурните реформи исто така се спроведуваат.  Новиот закон за банки, донесен од Парламентот во мај 2007 година, би требало да придонесе за привлекување странски банки и за зајакнување на банкарската супервизија. Во подготовка се измени на Законот за Народна Банка, кои имаат за цел негово усогласување со европското законодавство.  Мисијата подвлече дека новиот закон треба да ја заштити независноста на НБРМ и да ја зајакне нејзината финансиска стабилност.

Во март 2007 година, Парламентот донесе закони за хармонизирање на основиците за придонесите за социјалното осигурување.  Мисијата ја поддржува Владата да продолжи со овие заложби, како и да формулира стратегија за целосно усогласување на персоналниот данок на доход и социјалните придонеси.  Особено, да се престане со практиката работниците кои работат со скратено работно време да бидат принудени на плаќање придонеси врз основа на полно работно време, и исто така прогресивно да се намалуваат плаќањата на социјалните придонеси за работниците со ниска плата.  Ова би требало да помогне за намалување на даноците од плата, за борба против неформалната економија како и за намалување на невработеноста.

Фискалните ризици кои произлегуваат од повисоките увозни цени на електричната енергија треба да бидат разгледани.  Измените на Законот за енергетика, усвоени минатиот март, со кој се намалува обезбедувањето субвенционирана електрична енергија за големите индустриски потрошувачи се добар првичен чекор.  Со цел да се врати среднорочната финансиска одржливост во овој сектор, ја поддржуваме Владата да подготви и спроведе сеопфатен план за енергетскиот сектор, во тесна соработка со Светска Банка.

На крајот, мисијата би сакала да им се заблагодари на македонските власти за нивната соработка во текот на мисијата како и за нивното гостопримство и воедно се надева на успешно завршување на разговорите во текот на годинава.

Скопје, 24 јули 2007 година